## Соопштение - Повик за ажурирање на податоци

(13 декември 2023)

Почитувани колеги,

Ги потсетуваме сите членови дека, согласно член 35, став 6 од Законот за вршење на сметководствени работи, сите физички и правни лица кои веќе се запишани во соодветните регистри на ИСОС, имаат должност да го известат Институтот за сите промени во врска со податоците содржани во Регистарот во кој се впишани, во рок од 15 дена од денот на настанувањето на промената.

Во согласност на ваквата законска обврска, **ги повикуваме сите активни членови на Институтот, без одложување, да си ги ажурираат своите податоци и да ги внесат сите евентуални промени, преку следниот линк: https://smetkovoditel.isos.com.mk/login**

Ве информираме дека во следниот период, постапувајќи согласно своите законски обврски и овластувања, ИСОС ќе изврши електронска размена на податоците од ажурираните регистри со Централниот регистар и Управата за јавни приходи.

Со почит,

Управен одбор на ИСОС